Како да бидете безбедни на Facebook

Facebook е најпопуларната социјална мрежа во светот со повеќе од 2 милијарди корисници низ целиот свет. Постојат околу 15 милиони корисници од Австралија, а од нив, околу 3,1 милиони на возраст над 55 години, кои уживаат во придобивките што оваа страница ги нуди, како на пример:

- да бидат поврзани со пријателите и семејствата, особено кога патуваат,
- да се поврзуваат повторно со луѓе со кои можеби долго време не биле во контакт,
- да споделуваат фотографии и видеозаписи,
- да се приклучуваат во групи со заеднички интереси.

Кога се користи внимателно, Facebook може да биде пријатен извор на забава и одличен начин да се поврзувате.

Како изгледа Facebook

Страница на Facebook што го содржи вашиот Времеплов претставува збир од лични фотографии и искуства што ја раскажуваат вашата приказна.

Таа ја вклучува вашата фотографија на профил (а), информации на профил (б), фотографии (в) и список со пријатели (г).



Како да ги контролирате поставките за приватност на Facebook

Можете да контролирате кој ги гледа пораките и фотографиите што ги објавувате на вашата страница на Facebook со приспособување на поставките за приватност. Кога сте на лаптоп, изберете ја стрелката завртена надолу што се наоѓа во десниот горен агол на која било страница на Facebook (▾) и изберете Поставки од паѓачкото мени за да ги видите опциите што се наоѓаат на левата страна на страницата.

Следете ги зелените броеви во оваа брошура.

Тие ќе ви помогнат да ги најдете поставките преку кои можете да управувате со вашата приватност на Facebook.

Сакам да одлучам кој ќе ги гледа моите објави

1 Поставки > Приватност >
Кој може да ги гледа вашите идни објави

Оваа опција треба да ја поставите на Пријатели (Friends), наместо на Јавно (Public), или изберете поставка што ви овозможува вашата објава да ја гледаат само избрани пријатели.

Исто така, можете да одредите кој може да гледа што пишувате или додавате како фотографија или видеозапис кога создавате објава. Изберете ги пријателите и потоа изберете опција од менито.

Сакам да контролирам кој контактира со мене

1 Поставки > Приватност >
Како луѓето можат да ве наоѓаат и да контактираат со вас

Изберете кој може да ви праќа Барање за пријателство (како на пример Секој, или само Пријатели, или пак Пријатели на пријатели) и кој може да го гледа вашиот список со Пријатели. Исто така, можете да ограничите кој може да ве пребарува користејќи го телефонскиот број или адресата на е-пошта.

Не сакам моето име да се појавува на фотографии и пораки објавени од други лица

2 Поставки > Времеплов и означување

Изберете кој може да објавува на вашиот Времеплов, кој може да гледа што другите објавуваат на вашиот Времеплов и кој може да ги гледа објавите во кои сте означени. Исто така, можете да ги прегледувате објавите во кои сте означени пред да се објават на вашиот Времеплов.

Сакам да контролирам кој контактира со мене

4 Поставки >Апликации и веб-страници

Спречете Facebook да споделува информации како што се вашата возраст, полот и списокот со пријатели со други веб-страници. Ова ќе ги спречи другите веб-страници да ги користат информациите за да ви прајаат реклами.

Би сакал моите разговори да бидат приватни

Апликацијата Facebook Messenger **(а)** ви овозможува да праќате приватни пораки кај индивидуални пријатели или мали групи. Messenger функционира како е-пошта, па разговорите не се појавуваат на вашиот Времеплов и никој не може да ги гледа.

Не сакам луѓето да ме „гледаат“ секогаш кога го користам Facebook

Лентата за разговор (Chat bar) **(б)** ви овозможува да гледате список со пријателите што го користат Facebook во тој момент. Зелената точка што се наоѓа до нивните имиња ви покажува дека тие се достапни за разговор.

Ако не сакате луѓето да гледаат дека го користите Facebook, кликнете на иконата за поставки што личи на запченик **(в)** во Лентата за разговор што се наоѓа во долниот десен дел на страницата и изберете Исклучи активен статус (Turn Off Active Status) **(г)**.







eSafety
withBeConnected

Australian Government | Be Connected
Every Australian online.

Внимавајте на „осамените“ измамници на Facebook

Измамниците на Facebook создаваат лажни сметки со украдени слики и може да се претставуваат како осамени вдовци или вдовици или разведени луѓе кои бараат пријателство. Тие обично контактираат преку приватни пораки на Facebook или преку игри до кои имате пристап преку Facebook, како што е играта „Words with Friends“. Тие со недели или месеци ќе се обидуваат да се здобијат со вашата доверба пред да ви раскажат некоја приказна за финансиски проблеми.

На што треба да внимавате

Бидете внимателни со луѓе што многу брзо ги изразуваат нивните чувства за вас, а потоа навестуваат дека им треба финансиска помош, или со луѓе што велат дека не можат да се сретнат со вас бидејќи имаат финансиски проблеми. Внимавајте на недоследностите во нивните приказни.

Други измами на Facebook

Измамата со лотарија

Тоа се пораки што тврдат дека сте добиле награда на лотарија и дека за да ја примите наградата што сте ја освоиле треба да платите мала провизија. Исто така може да ви биде побарано да дадете лични податоци како што се деталите на вашата банкарска сметка и физичка адреса.

Запомнете, легитимните наградни игри никогаш нема да ви бараат да платите провизија однапред за да ја добиете вашата награда, и не можете да освоите награда на лотарија ако не учествувате во извлекувањето.

Измами со лажни итни случаи

Тоа се пораки што тврдат дека се од членови на вашето семејство или од пријатели на Facebook кои велат дека заглавиле во странство или дека имаат итен случај, и треба да им пратите пари. Пред да пратите пари, извршете истрага.

Што можете да направите

- Бидете внимателни со луѓе што склучуваат пријателства или почнуваат љубовни врски, а веднаш потоа почнуваат да спомнуваат проблеми со пари.
- Користете ја Google Images (images.google.com) за да проверите дали нивните фотографии биле украдени од друго место.
- Проверете дали на објавите на нивната страница на Facebook постојат коментари или лајкови. Ако немаат многу, нивниот список со пријатели може да биде лажен.
- Не пренесувајте пари и не давајте ги деталите на вашата банка или кредитна картичка на лице што не сте го сретнале лично.

Мислам дека сум жртва на измама. Што треба да направам?

- Ако сте загубиле пари, веднаш контактирајте со банката за да видите дали можете да ги прекинете или поништите извршените плаќања.
- Можете да ја пријавите измамата кај Австралиската комисија за конкуренција и потрошувачи на scamwatch.gov.au/report-a-scam
- Изменете ги лозинките што ги имате онлајн ако сметате дека вашите онлајн сметки им биле откриени на луѓе кои не треба да имаат пристап до нив.

Ви стојат на располагање услуги за поддршка ако сакате да разговарате со некого за измамата што ви се случи.

Линија за помош: 13 11 44
Beyondblue: 1300 22 4636
MensLine: 1300 78 99 78

Рекламирање на Facebook

Facebook ви покажува реклами за нешта што вашиот шаблон на користење им покажува дека ве интересираат, и лесно е да направите грешка и да сметате дека некоја од рекламите е објава на некој ваш познаник. Рекламата на Facebook ќе носи ознака во горниот лев агол што вели Спонзорирана, Предложена или Реклама.

Како Facebook се обидува да приспособува реклами?

Рекламите што ги гледате се засноваат врз информации што Facebook ги дознава за вас. Facebook „учи“ што би можело да ве интересира од:

- вашиот профил, што ја вклучува вашата возраст, пол и локација (вклучувајќи ја и локацијата од која се поврзувате на интернет),
- нешта што ви се допаднале, споделиле или за кои сте коментирале на Facebook,
- веб-страници што сте посетиле,
- пребарувања што сте ги извршиле преку Google или друга машина за пребарување, на пр. ако сте извршиле пребарување за здравствено осигурување на Google, на Facebook може да се појави реклама од давател на здравствени услуги.



Како да ги контролирате рекламите што ги гледате

5 Поставки > Реклами > Вашите преференции за реклами

Во менито за реклами постојат голем број опции за да можете да го контролирате она што го гледате. Можете:

- да ги избришете темите што ве интересираат,
- да ги избришете рекламните компании со коишто сте вршеле интеракција,
- да контролирате до кои информации рекламните компании имаат пристап до вас,
- да ги спречите рекламните компании да ги следат вашите онлајн активности кога не сте на Facebook.

Совети за безбедност на Facebook

Не објавувајте јавно лични детали како што се домашната или работната адреса, телефонскиот број, адресата на е-пошта и финансиските детали.

Не чувствувајте се обврзани да го прифатите сечие барање за пријателство што ќе го добиете. Можете едноставно да изберете да го игнорирате.

3 Поставки > Блокирање

Можете да ги користите поставките за блокирање за да спречите разни луѓе да контактираат со вас и да престанете да ги гледате нивните објави. Тие нема да знаат дека сте ги блокирале.